## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ПРАКТКУМОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ – ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ“ ОД Д-Р МАРИЈА ГОГОВА-САМОНИКОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1702-100/4, донесена на 76. редовна седница на Наставно - научниот совет на Економски факултет, одржана на 9.4.2014 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Ристо Фотов, професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и
– доц. д-р Весна Ѓеоргиева-Свртинов – професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (практикум) со наслов *„Практикум за вежби – Финансиски пазари и институции“* од д-р Марија Гогова-Самоников, наменета за студентите од прв циклус студии на Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно - научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - практикум „Практикум за вежби – Финансиски пазари и институции” од д-р Марија Гогова-Самоников претставува една целина на материјата поврзана со теоретската наставна програма за изучување на предметот Финансиски пазари и институции. Практикумот е наменет за изучување и спроведување на вежбите од страна на студентите од втора студиска година (трети семестар), на студиските програми: Финансиски менаџмент; Сметководство, финансии и ревизија; Банкарство, финансии и осигурување, каде што предметот Финансиски пазари и институции се јавува како задолжителен (со неделен фонд на часови 2+2+1).

**Податоци за обем на ракописот.** Практикумот содржи 50 страници, со доста практични примери и наслови за дебатирање меѓу студентите кои им овозможуваат на многу полесно разбирање и совладување на оваа проблематика. На крајот од скриптата се сместени три прилози, во кои сумарно е претставена проблематиката по Наставната програма за овој предмет. Трудот е пишуван во А4 формат, со единечен проред, а употребен е фонт Times New Roman, големината на буквите е 12. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот практично одговара на проблематиката за разработка на материјалот по предметот Финансиски пазари и институции, при што ги насочува студентите кон размислување и изведување заклучоци по одредени теми кои соодветствуваат на наставната програма. Аргументирањето на одредени наслови е предизвик пред студентите посебно од аспект што предметот е теоретски, а бара размислување и аргументирање.

**Краток опис на содржината на ракописот.** Содржински, трудот е конципиран во тематски задачи, вкупно 35, а оставен е простор и за отворени наслови кои студентите сами ги приложуваат на часовите за вежби. На крајот се поставени три прилози кои ги обработуваат темите од учебното помагало, при што претставуваат насока за повторување на материјалот пред колоквиуми и испити.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката се овозможува студентите да одговорат комплетно пред барањата од знаење за положување на испитот по предметот Финансиски пазари и институции и овозможува студентите да го зацврснат и осигурат своето знаење. Дебатирањето своевремено ги развива и нивните ораторски способности.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следното

**М И С Л Е Њ Е**

Учебното помагало ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ – ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И НСТИТУЦИИ од д-р Марија Гогова-Самоников претставува сеопфатна целина на поврзана со теоретската анализа на финансиските пазари и институции. Авторката направила успешна комбинација на теоретскиот и аспектот на проблематиката, кој допрва произлегува како предизвик пред изучувањето на финансиските пазари и финансиските институции, со цел да ја доближат предметната материја до студентите и да им помогнат да научат како оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно разбирање и имплементација на новите принципи, методи и техники за работа во една финансиска структура.

Со оглед на големото значење препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме учебното помагало (практикум) со наслов „Практикум за вежби – Финансиски пазари и институции“ од д-р Марија Гогова-Самоников да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристо Фотов, с.р.**
**Доц. д-р Весна Ѓеоргиева-Свртинов, с.р.**